**Д О:** УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ул. „Кеј Димитар Влахов“ бр. 19 – 1000 Скопје, РМ
тел./факс: 02/3119-355; www.ustavensud.mk; mail@ustavensud.mk

**П О Д Н О С И Т Е Л:** ЛЕВИЦА – Политичка партија
ул. „Мирослав Крлежа“ бр. 20, влез 1, кат 3, стан 12 – 1000 Скопје
www.levica.mk; contact@levica.mk

# ПРЕТСТАВКА

## Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на дел од закон

## I.

Целта на оваа граѓанска иницијатива, односно петиција за т.н. конституциона, јудициелна, нормативна, репресивна и апостериорна контрола in abstracto, е поведување постапка за оценување на уставноста на дел од актуелниот важечки ***Закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија*** (2017) – како општ акт, односно правен пропис, донесен од страна на Собранието на Р. Македонија, а објавен во Службен весник на РМ, бр. 132/17 од 20 септември 2017 година.

Инаку, основниот матичен *Закон за минимална плата во РМ* (Сл. весник на РМ, 11/2012) досега е менуван и дополнуван со пет **рогациски закони** (скратено ЗИД ЗМП: Сл. весник на РМ - 30/14, 180/14, 81/15, 129/15 и 132/17).

Законодавно-правната комисија, и покрај изречните овластувања, сѐ уште нема подготвено негов *Пречистен текст*, а според нашата евиденција, досега Уставниот суд на РМ, нема донесено ниту една одлука во врска со овој Закон.

## II.

Оваа иницијатива за оцена на уставноста на дел од овој Закон ја поднесуваме како своевидна Actio popularis sui generis, согласно чл. 24, ст.1; чл. 108; чл. 110, ст.1, ал.1 и чл. 112, ст.1 од ***Уставот на Република Македонија*** (1991); како и чл. 12 од *Деловникот за работа на Уставниот суд на РМ* (1992).

## III.

Бараме ***поништување*** **(дејство *ex tunc*) или *укинување* (*ex nunc*)** на дел од горенаведениот Закон – т.н. алтернативна петиција за „целосна/делумна касација“ на долунаведенава одредба, со Ваша конечна и **мериторна одлука** – од причини што, основано, сметаме дека следнава негова одредба, особено во подвлечениот дел, е во директна спротивност со УРМ/’91:

**чл. 1, ст.1, ал.1 од ЗИД ЗМП (2017):**

*Во Законот за минимална плата во Република Македонија (Сл. весник на РМ бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15 и 129/15), во член 2 по ставот (1) се додаваат три нови ставови (2), (3) и (4), кои гласат:*

*„(2) Нормираниот учинок се утврдува од страна на работодавачот, секоја година, во февруари, врз основа на критериуми на ефикасност на производниот процес, утврдени од страна на работодавачот во соработка со работниците, а кои критериуми мора да се исти за секоја техничко-технолошка целина кај работодавачот“. [...]*

## IV.

Сметаме дека горенаведениот член од предметниов оспорен Закон, во подвлечениот дел, е ***спротивен* на следниве уставни одредби**, стипулирани во нормативниот дел на Уставот на РМ (1991) – особено во Делот I: *Основни одредби*; како и во Делот II: *Основни слободи и права на човекот и граѓанинот* – оддел 1 „Граѓански и политички слободи и права“, оддел 2 „Економски, социјални и културни права“; оддел 3 „Гаранции на основните слободи и права“ и оддел 4 „Основи на економските односи“:

а) **чл. 9, ст.1-2 од УРМ:**

*Граѓаните на Република Македонија **се еднакви** во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.*

***Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви**.*

б) **чл. 32, ст.1-4 од УРМ:**

*Секој има право на работа...*

*Секому, **под еднакви услови**, му е достапно секое работно место.*

*Секој вработен има право на соодветна заработувачка.*

*Од овие права вработените не можат да се откажат.*

*Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со **колективни договори**.*

в) **чл. 58, ст.1 од УРМ:**

*Сопственоста и **трудот** се основа за управување и учество во одлучувањето.*

г) **чл. 8, ст.1; ал.1, 3 и 8 од УРМ:**

*Темелни вредности на уставниот поредок на Р. Македонија се:*

т. 1: *основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признати во меѓународното право и утврдени со Уставот*;

т. 3: ***владеењето на правото***; и

т. 8: *хуманизмот, **социјалната правда** и **солидарноста**.*

***

д) **чл. 11, ст.2 од УРМ:**

*Се забранува присилна работа.*

ѓ) **чл. 34 од УРМ:**

*Граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со **колективен договор**.*

е) **чл. 35, ст.1 од УРМ:**

*Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните, согласно со начелото на **социјална праведност**.*

ж) **чл. 54, ст.1 и 3 од УРМ:**
*Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.*
*Ограничувањето на слободите и правата* ***не може да биде дискриминаторско*** *по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.*

з) **чл. 51 од УРМ:**
*Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.*
***Секој е должен да го почитува Уставот*** *и законите.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

1. Нашиот Устав на РМ (1991) разликува две категории поврзани со **проблематиката на вработувањето и работништвото**, како круцијално економско право на граѓаните:

1) *Слобода на работа*, која е прокламирана во три димензии, и тоа: (а) право на граѓанинот слободно да го избира своето занимање и вработување, т.е. да одлучи дали ќе врши или не одредена работа или дејност, односно дали и кога ќе престане да работи, доколку тоа го сака; (б) на секој граѓанин, под еднакви услови, да му се достапни секое работно место и секоја функција во општеството; и (в) забраната на присилна работа! Всушност, за економскиот систем, слободата на работа има исто значење какво што има слободата на политичко здружување и дејствување за политичкиот систем.

2) *Право на работа* кое, исто така, е тродимензионално: (а) право на постојан или привремен работен однос, согласно неговите стручни и физички способности; (б) загарантирана заштита при работењето; и (в) право на соодветна заработувачка и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност.[1] За разлика од „слободата на работа" – како првенствено духовна категорија, „правото на работа" се јавува како круцијална материјална основа за обезбедување пристојна животна егзистенција на работникот и неговото поблиско семејство кое тој го издржува.

2. Од вака поставените концепти, евидентно е дека нема, ниту логички, ниту правни причини, зошто законодавецот сака **нормираниот учинок**, утврден како еден од нужните услови за земање на минималната плата, да го остави на понатамошна регулација на пониско [компаниско] ниво, конкретно во рацете на работодавачот!? Имено, тоа in praxis може да доведе до сосем нееднаков третман на работниците кои, по природа на нештата, се наоѓаат во една иста или слична правна положба! На пример, вработен заварувач/бравар/дреар/столар/декоратер/монтажер/градежник/мајстор во една фирма да има една норма, а во друга фирма, од истото потесно подрачје на работа и производство, да има сосема друга [поголема или помала] норма за исполнување, иако – да претпоставиме – фирмата работи во иста индустриска гранка: пр. градежништво, прехранбена или кондиторска индустрија, трговија на мало и големо итн.

[1] Така и проф. д-р Светомир Шкариќ и проф. д-р Гордана Силјановска – Давкова, *Уставно право*, УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2007, 427.

3. Вака оставениот нејасен и недоречен член, внесува огромна доза на **непропорционалност и арбитрерност** во утврдувањето на нормите кај компаниите – што, пак, може да доведе до апсурдни [хипотетички, но и реални] ситуации: пр. еден работник во една компанија за производство на керамички плочки да треба да изработи 500 плочки во текот на денот за да земе минималец, а друг – во соседната компанија – да треба да изработи 1.000 плочки (т.е. дупло повеќе) за да ја земе истата минимална плата!? Ова, секако, дека се коси со здравиот разум и со *граѓанската еднаквост* на луѓето, како нивно вродено лично право – коешто ја обврзува државата да презема ефикасни мерки за заштита од, а не за стимулирање на оваа фактичка нееднаквост.

Сево ова директно и грубо го повредува основното јуриспруденцијално **начело на правна сигурност** на вработените, врз кое што фундира и нашата Република. Ова дотолку повеќе што, од досегашните одлуки и решенија на Уставниот суд на РМ, токму правната сигурност на граѓаните на РМ е дел од фундаменталнито начело на Владеење на правото (*Rule of Law*), односно составен и нераскинлив дел кој е инкорпориран во оваа темелна вредност на нашиот уставен поредок! Според едно постоечко мислење (*opinio iuris*) на Уставниот суд, токму „владеењето на правото подразбира доследна примена на законските прописи кои треба да се општи, точно одредени и недвосмислено формулирани правила“[2] – а не непрецизни, диспророрционални, малициозни или преекстензивни одредби, кои му оставаат огромен привилегиран, фаворизирачки и нефер маневарски простор на работодавецот, погоден за многу идни злоупотреби и манипулации на штета на работниците и нивниот природноправен егзистенцијален интерес.

4. Проблематично е и тоа што не е прецизирано каква е таа „**согласност на вработените**“ која работодавачот мора да ја обезбеди pro futuro: (1) Дали се дава претходно – во форма на „дозвола“ или отпосле – во форма на „одобрение“?; (2) Дали треба да ја даде синдикатот или советот на вработените, т.е. работничкиот собир, во случаи кога во претпријатието нема синдикат? (3) Дали треба да биде усна или, пак, писмена?; (4) Дали треба да се склучи во вид на *поединечен колективен договор* на ниво на работодавач – бидејќи Уставот предвидува дека прашањата поврзани со работните односи можат да се регулираат исклучиво „со закон и со колективни договори“, а никако со некаков си нов изум во Трудовото право, кое тука неумесно се нарекува „согласност“ (!?) и кое може, во иднина, да биде извор на многу различни шпекулативни толкувања во праксата.

Argumentum a fortiori, би се послужиле и со следнава судска пракса, односно **прецедентно право** кое, во повеќе наврати, го има санкционирано и Уставниот суд на РМ – во некои свои касаторни одлуки, битни за социјалната клима во државата. Сметаме дека со опстојувањето оспорената законска одредба, всушност, би се довело до постоење на два/три/четири/пет/итн. паралелни и меѓусебно различни – т.е. противречни, нејасни и контрадикторни система на третирање на „нормираниот учинок“ – што, пак, е во еклатантна спротивност на принципот на *Владеење на правото*, како темелна вредност, а дополнително и со принципот на *правната сигурност*, како авторитативен

[2] Цит. сп. *Решение на Уставен суд на РМ* - У.бр. 77/11 (6.VII.2011); т.6, стр. 6.

правен стандард – кои, пак, произлегува од теорискиот концепт на „Правна држава“ (*Rechtstaat*).[3]

5. Оттука, цениме дека оспорениот член - кој, патем речено, е и спротивен на смислата и супстратот на „социјалната држава на благосостојба“ внесува огромна доза правна несигурност и се противи на инкорпорираниот принцип на **уставност и законитост** што го обврзува законодавецот, при носењето закони, да конципира и формулира прецизни, недвосмислени и јасни правни норми усогласени со Уставот и со останатите закони во нашиот внатрешен позитивно-правен поредок, кои ќе бидат разбирливи за поголемиот дел од населението (а не само за правниците и сметководителите) – оти само таквите норми можат да претставуваат солидна основа за постапување in concreto од страна на судовите, државните органи и нивните службеници.[4]

Поради сè што е наведено погоре сметаме дека оваа, очигледно антиконституционална и конфузна законска одредба, која е инкомпатибилна со нашиот демократски уставен поредок – земајќи ја предвид **јавната полза** (*utilitas publica*) и **правичноста** (*aequitas*) од тоа дејствие – треба што побрзо да биде касирана и повеќе да не постои во нашиот домашен правен систем како противуставна, крајно штетна и изразито непропорционална.

* * *

Врз основа на досегашното искуство при комуникацијата со Вашите служби, како подносители, БАРАМЕ да бидеме перманентно, навремено и **писмено известени** за понатамошното постапување, како и за исходот од оваа наша Иницијатива – согласно чл. 13 и чл. 22, ст.1-2 од Вашиот *Деловник за работа* (1992).

FIAT IUSTITIA
PEREAT MUNDUS

*П о д г о т в и л: доц. д-р Димитар **Апасиев** – Правен факултет УГД

С к о п ј е
1 октомври 2017

ПП ЛЕВИЦА:
*Застапник по закон: д-р* ***Здравко Савески***

________________________________

[3] Per analogiam од *Одлуката на Уставниот суд на РМ*, У.бр. 103/2010 (22.XII.2010); т.5, стр. 4.
[4] Per analogiam од *Одлуката на Уставниот суд на РМ*, У.бр. 188/2006-0-0 (4.IV.2007); цит. стр. 3.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) на седницата одржана на 18 април 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ УКИНУВА член 2 став 1 во делот: „и исполнет нормиран учинок" и ставовите 2, 3 и 4 и член 7-б ставови 1 и 3 од Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.11/2012, 30/2014, 180/2014, 81/2015, 129/2015 и 132/2017).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод иницијатива на Сојузот на синдикати на Македонија, застапуван од адвокатот Димитар Петровски од Скопје, со Решение У.бр.133/2017 од 21 февруари 2018 година поведе постапка за оценка на уставноста на одредбите од Законот означени во точката 1 од оваа одлука, бидејќи основано се постави прашањето за нивната согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 11/2012, 30/2014, 180/2014, 81/2015, 129/2015 и 132/2017) во членот 2 предвидел:
„(1) Минимална плата е најнискиот месечен износ на основна плата која работодавачот е должен да му ја исплати на работникот за работа извршена за полно работно време и исполнет нормиран учинок.
(2) Нормираниот учинок се утврдува од страна на работодавачот, секоја година, во февруари, врз основа на критериуми на ефикасност на производниот процес, утврдени од страна на работодавачот во соработка со работниците, а кои критериуми мора да се исти за секоја техничко-технолошка целина кај работодавач.
(3) Нормираниот учинок од ставот (2) на овој член треба да е остварлив за најмалку 80% од бројот на вработените за секоја техничко-технолошка целина, поодделно.
(4) Работодавачот е должен, на крајот на секој месец, на работникот да му издаде потврда за остварениот нормиран учинок, заедно со писмената пресметка на платата".

Во членот 7-б ставови 1 и 3 од овој закон е предвидено:
„(1) Глоба во износ од 3000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за

прекршок на работодавач – правно лице ако:
– не утврди нормиран учинок (член 2 став 2) и – не издаде потврда за остварениот нормиран учинок (член 2 став 4).
(3) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршок од ставовите (1) и (2) на овој член на одговорното лице во правното лице“.

5. Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно членот 9 од Уставот, граѓаните во Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уредување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 32 став 3 од Уставот, секој вработен има право на соодветна заработувачка, а во ставот 5 е определено дека остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Согласно членот 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 58 став 1 од Уставот, сопственоста и трудот се основа за управување и учество во одлучувањето.

Во член 61 став 1 од Уставот е утврдено дека Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Надлежностите на Собранието на Република Македонија се определени во членот 68 од Уставот. Според став 1 алинеја 2 од овој член од Уставот, Собранието на Република Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите.

Според член 88 став 1 од Уставот, Владата на Република Македонија е носител на извршната власт.

Надлежностите на Владата на Република Македонија се определени во членот 91 од Уставот. Според ставот 1 алинеја 1 од овој член од Уставот, Владата на Република Македонија ја утврдува политиката на извршување на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување.

Согласно член 110 став 1 алинеи 1 и 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективни договори со Уставот и законите.

6. Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2012), влегол во сила на 1 февруари 2012 година и во

членот 1 го дефинирал предметот на негово уредување, според кој: „Со овој закон се утврдува висината на минималната плата, како и други прашања кои се однесуваат на минималната плата.
Со донесувањето на овој закон во 2012 година, членот 2 имал еден став кој гласел: „Минимална плата е најнискиот месечен износ на основна плата која работодавачот е должен да му ја исплати на работникот за работа извршена за полно работно време и исполнет нормиран учинок".

Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.132/2017) кој влегол во сила на 20.09.2017 година, извршил повеќе измени и дополнувања на одредбите од Законот за минимална плата.

Имено, со овој закон, во членот 2 по ставот (1) додадени се три нови ставови (2), (3) и (4) кои, освен ставот 1 и овие нови ставови на членот 2 се оспорени со иницијативата како нејасни и непрецизно нормирани правни категории кои не обезбедуваат загарантирана висина на минимална плата на работникот. Ова поради тоа што ставовите (2), (3) и (4) на членот 2 од Законот, предвидуваат:
„(2) Нормираниот учинок се утврдува од страна на работодавачот, секоја година, во февруари, врз основа на критериуми на ефикасност на производниот процес, утврдени од страна на работодавачот во соработка со работниците, а кои критериуми мора да се исти за секоја техничко – технолошка целина кај работодавачот.
(3) Нормираниот учинок од ставот (2) на овој член треба да е остварлив за најмалку 80% од бројот на вработените за секоја техничко – технолошка целина, поодделно.
(4) Работодавачот е должен, на крајот на секој месец, на работникот да му издаде потврда за остварениот нормиран учинок, заедно со писмената пресметка на платата".

Со овој закон, членот 7-б е изменет и во ставовите 1 и 3 гласи: „ (1) Глоба во износ од 3000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на работодавач – правно лице, ако:
– не утврди нормиран учинок (член 2 став 2) и – не издаде потврда за остварениот нормиран учинок (член 2 став 4).
(3) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правно лице ќе му се изрече за прекршок од ставовите (1) и (2) на овој член на одговорното лице во правното лице".

Со Законот се уредува дека работодавачот е должен да исплати на работникот најнизок месечен износ на основна плата но тој износ законски не е дефиниран како минимален износ на основна, нето плата. Со одредбите од членот 2 од Законот, се условува дека износот на минималната основна плата зависи, освен од извршената работа во полно работно време, и од исполнет нормиран учинок, што е норма во работата, која согласно Законот, ја утврдува работодавачот во рамки на своите дејности во процесот на работење и делување. Според Судот нејасно и непрецизно е регулирано во однос на тоа каква е формата и видот на соработката што работодавачот при утврдувањето на нормираниот учинок ќе ја остварел со

работниците и дали таа соработка, која е спомената во овој член од Законот, во отсуство на прецизно нормирање, воопшто има влијание во однос на законското овластување на работодавачот да го утврдува нормираниот учинок во работата на работниците, што имплицира на декларативно, а не на суштинско учество на работниците по ова битно прашање, што во случајов Законот неделиво го поврзал со реализацијата на минимална основна плата што треба да им се исплати на работниците. Од друга страна спорно е и во однос на тоа дека со условот за исполнет нормиран учинок утврден од работодавачот се доведува во прашање остварувањето на минималната плата на работникот, што е предмет на уредување на Законот за минимална плата во Република Македонија, и дека со овој услов за остварување на минимална плата, работникот ќе остварува плата, а не минимална плата утврдена со посебен закон.

Оттука, категоријата исполнет нормиран учинок, на начин на кој е пропишан со Законот, дека го утврдува работодавачот, но не е дефинирано дали е тоа со колективен договор на ниво на работодавач или со друг пропис, потоа, согласно Законот, работодавачот само соработувал со работниците при што нормираниот учинок би требало да е остварлив за најмалку 80% од бројот на вработените за секоја техничко-технолошка целина кај работодавачот, а работодавачот бил должен на крајот на месецот да му издаде на работникот потврда за остварениот нормиран учинок, заедно со писмената пресметка на платата, упатува на заклучок дека Законот веќе не се занимава со минимална нето плата. Имено тој уредува плата лимитирана со нормиран учинок во производниот процес или друга дејност, која нема надзор кога се утврдува од страна на работодавачот прагот на нормираниот учинок и е сепак фактичко прашање во производните,услужните и други работни организации на пазарот на трудот, а со тоа и дискреционо право на одлучување на работодавачот. Прашањето за утврдување на нормиран учинок е битно прашање во процесот на работење и секако значајно за производните и други дејности во работењето, но во отсуство на законско дефинирање на висината на минималната, основна плата на работникот, тогаш плата формирана на основа на исполнување на нормиран учинок утврден од работодавачот, според Судот нема статус на законски утврдена минимална основна плата на работникот што е определено како предмет на уредување на овој посебен закон.

Во Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010,47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013,170/2013, 187/2013, 113/2014,20/2015, 33/2015,72/2015, 129/2015 и 27/2016), во главата „Откажување на договорот за вработување со отказ од страна на работникот и работодавачот" (членови 70-104), е законски уредена оваа комплексна материја која меѓу другото е поврзана и со неисполнување на работните обврски од разни причини во работниот процес во кој двостраниот однос помеѓу работодавачот и работникот може да прекине, но тоа е во рамките на предметот на уредување на овој општ закон.

Имајќи го во предвид тоа, прашањето за исполнет нормиран учинок утврден од страна на работодавачот може да го најде своето место во реализацијата на оваа законска материја која општо го регулира работниот однос и од аспект на извршената работа во работниот процес, но законски утврдената минимална основна плата на работникот со посебниот Закон за минимална плата е посебно право, и не може да биде детерминирана од услов кој го доведува во прашање тоа загарантирано посебно право со Законот, за утврдување на минималната основна плата на работникот.

Во контекст на оваа анализа за одредбите од членот 2, анализата следователно се однесува и за член 7-б ставови 1 и 3 од Законот кој предвидува глоба за работодавачот- правно лице, ако не утврди нормиран учинок и ако не му издаде потврда на работникот за остварениот нормиран учинок.

Со оглед на изнесената анализа, Судот утврди дека член 2 став 1 во делот: „и исполнет нормиран учинок“ и ставовите 2, 3 и 4 и за член 7-б ставови 1 и 3 од Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2012, 30/2014, 180/2014, 81/2015, 129/2015 и 132/2017), не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, според кој владеењето на правото, а со тоа и правната сигурност на граѓаните, е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точка 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот, Никола Ивановски и судиите: Насер Ајдари, Елена Гошева, Јован Јосифовски, д-р Осман Кадриу, д-р Дарко Костадиновски, Вангелина Маркудова, Сали Мурати и Владимир Стојаноски.

**У.бр.133/2017**
18 април 2018 година
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Уставниот суд на Република Македонија
*Никола Ивановски* – с.р.